## ПРИЛОГ 6.Г: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ, ДОВЕРЛИВОСТ

**СОДРЖИНА**

**1. Обезбедување на информации ........................................................................ 1**
**2. Доверливост, управување со податоци ...................................................... 1**

### 1. Обезбедување на информации

**1.1** Покрај МАТЕРУО и одредбите на Договорот во неговиот делокруг, ниедна Страна не може да биде обврзана да обезбеди информации кои спаѓаат под обврската за доверливост на било која трета страна, освен доколку таа трета страна даде дозвола за изземање од обврската за доверливост. Во таков случај, Страната која ги дава информациите треба да ја добие потребната дозвола од третата страна, доколку тие информации ги пренесе на друга Страна.

**1.2** Страната која обезбедува информации ќе се потруди да обезбеди точни информации колку што и е познато во времето на нивното објавување.

**1.3** Страната која бара информации однапред ќе ја изземе Страната која ги пренесува информациите од било каква одговорност, обештетување, побарување, вина и/или трошоци кои се направени по вина на Страната која бара информации како последица на тоа што таа не ги исполнила условите дефинирани при пренесувањето на информациите од Страната која ги пренесува информациите и/или од трета страна.

### 2. Доверливост, управување со податоци

**2.1** Страните се обврзуваат да ги зачуваат, под било какви околности, било кои и сите информации и податоци кои ќе им станат познати од нивниот договорен однос и/или поинаку, кои се однесуваат на другата Страна, со посебен однос кон деловните, финансиските и корпоративните односи, без оглед на тоа дали засегната Страна истите ги класифицира како деловни тајни или не.

**2.2** Во исто време, Страните се обврзуваат да не обезбедуваат пристап кон таквите информации на трети страни во текот на времетраењето и важноста на Договорот или во текот на неговото раскинување и да не ги користат на било каков друг начин кој не спаѓа во делокругот на овој Договор или да ги злоупотребуваат истите.

**2.3** Било каков податок или информација која е достапна на било кого и која ќе биде соопштена на органите на власта, берзата или на трето лице во согласност со одредбите на важечкиот закон нема да потпаѓа под обврската за доверливост.

**2.4** Страните може да дознаат за било каква комуникација и податоци пренесени од нивна страна или преку користење на нивните мрежи исклучиво до онаа граница којашто е потребна за обезбедување на услугата.

**2.5** Страните превземаат обврска да постапуваат со било кое име на претплатник, список на лични или други податоци, регистар, и/или релевантни податоци за истите, коишто си ги пренесуваат една на друга и/или ги разменуваат меѓу себе во врска со овој Договор, во

согласност со одредбите од Законот за заштита на лични податоци (Службен весник на Република Македонија Бр. 7/05), како и одредбите на други важечки закони и нема да ги користат таквите информации/податоци во текот на времетраењето и важноста на Договорот и по неговиот престанок спротивно на правниот однос во овој Договор, без согласност од другата Страна, за сопствени цели и за цели на трети страни и да не ги прават достапни за трети страни, како и да не ги злоупотребуваат истите на било каков друг начин. Страната којашто ќе ги прекрши овие обврски ќе биде одговорна за штетите што ги предизвикала.

**2.6** Обврската за заштита на податоци и доверливост ќе биде обврзувачка за вработените, членовите и претставниците на Страните на ист начин како што е обврзувачка за Страните.